Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 09.02.2022

Денеска (09.02.2022) во 09.55 часот на ул.„Трета македонска" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.П.(52) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница од Основен суд Скопје 1 Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело „фалсификување исправа" по член 378 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (09.02.2022) во 09.30 часот на ул.„23 Октомври" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје ја лишиле од слобода Џ.И.(20) од Република Србија, а со живеалиште во с.Јурумлери, скопско. Таа била барана по централна потерница од Основен суд Скопје 1 Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 08.02.2022, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ѓ.(21) од Скопје. За него била распишана Централна потерница, по издадена судска наредба за издржување казна затвор од една година и шест месеци за сторено кривично дело по член 237 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 08.02.2022 во 14.55 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле С.Б.(35) од с.Арачиново, кој се барал по судска наредба за издржување казна затвор во траење од три години и се барал по уште четири потерници. Тој бил спроведен до Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 08.02.2022 во 12.05 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле С.Ј.(33) од Скопје, кој се барал по наредба од Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казна затвор. Тој бил спроведен до установата за издржување на казната.

На 08.02.2022 околу 13.00 часот на ул.„Илинденска" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, го привеле 29-годишниот Б.Ф. од тетовско Теарце за издржување на затворска казна. По приведувањето тој е спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово за издржување на казната.

На 08.02.2022 во 16.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Б.Д.(20) од Велес поради постоење основи на сомнение дека во текот на месец декември извршил 8 (осум) кражби во угостителски и деловни објекти во Куманово, при што одзел пари и други предмети. Тој ги признал извршените кривични дела и бил задржан во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.02.2022 околу 16.50 часот на ул.„106" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово со судска наредба го привеле 20-годишниот тетовец Л.Р. за издржување на затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор „Тетово", каде што подоцна бил и спроведен.

Денеска (09.02.2022) околу 04.45 часот на крстосница на улиците „Илинденска" и „Благоја Тоска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 29-годишниот тетовец М.Ј., затоа што при негов и преглед на возилото „бмв" со тетовски регистарски ознаки, што тој го управувал, бил пронајден кокаин. М.Ј. е задржан во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе му биде изготвен поднесок.

На 09.02.2022 во 01.35 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.Ѓ.(22) и С.Е.(26), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени марихуана, таблети и тврда кафеава материја. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.02.2022 во 19.50 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.А.(35) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.02.2022 во 15.15 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода Скопје го лишиле од слобода М.М.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.02.2022 во 21.55 часот на Граничен премин Долно Блаце, од страна на полициски службеници, поради пречекорен престој во Република Северна Македонија, бил приведен Б.Р.(21) од Црна Гора. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за странци за понатамошна постапка.

На 08.02.2022 во периодот од 11.00 до 13.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово спроведена е акциска контрола на возилата кои вршат јавен превоз на патници, најмногу на автобуси и комбиња. При контролата биле откриени и санкционирани 5 возила (ГВ) со неисправни сопирачки и 8 возила (ТЕ-4 и ГВ-4) кои не поседувале соодветна документација. Технички неисправните возила веднаш се исклучени од сообраќај и изготвени им се поднесоци по Законот за возила, а поднесоци ќе следат и против возачите и фирмите кои вршеле јавен превоз без документација согласно член 284-А од Кривичниот законик. Во контролата биле санкционирани и 4 други прекршоци (ТЕ-1 и ГВ-3), кои биле сторени од возила вклучени во јавен превоз, како и 5 други видови прекршоци (ТЕ-2 и ГВ-3).

На 08.02.2022 во периодот од 11.00 до 16.00 часот на територијата на СВР Охрид била спроведена акциска контрола за прекршоците што ги прават пешаците. Притоа, биле откриени и санкционирани 30 пешаци (Охрид-14, Струга-11, Кичево-04, Дебар-01) кои поминале коловоз вон пешачки премин. Полициските службеници во Струга упатиле еден автобус на вондреден технички преглед, при што биле констатирани технички неисправности на уредот за сопирање.

На 08.02.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 13 прекршоци, од кои 10 во населено место и 3 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 11.00 до 16.00 часот на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола за прекршоци што ги прават пешаците во сообраќајот. Од извршената контрола биле констатирани 12 прекршоци. На сите им биле изготвени соодветни поднесоци. Санкционирани биле и 18 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за непрописно престигнување, 2 за непочитување првенство на минување на пешаци и 6 за непрописно паркирање.

На 08.02.2022 во 12.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Методија Шаторов Шарло" патничко возило „опел корса", со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.М.(68) од Скопје, удрило во малолетен пешак од Скопје. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 08.02.2022 во периодот од 11.00 до 16.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои не даваат првенство на минување на пешаци. Притоа, биле констатирани 5 прекршоци. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 09.02.2022 во периодот од 11.00 до 16.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола за санкционирање прекршоци што ги чинат пешаците. Притоа, биле констатирани и санкционирани 16 прекршоци.На 09.02.2022 во 03.25 часот на плоштадот „Скендербег" на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.К.(41) од Скопје. Тој се сомнева дека во периодот од 01.50 до 02.50 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар одзел ранец со пари, лични предмети и документи од А.П.(20) од Скопје. Кај пријавениот биле пронајдени предмети поврзани со кривичното дело. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок по член 238 од Кривичниот законик.

СВР Охрид поднесе кривични пријави против Ј.Ѓ.(37), поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". При претрес над пријавениот и патничко возило кое го управувал, а подоцна и при извршен претрес во неговиот дом во с.Мешеишта биле пронајдени и одземени кокаин, таблети метандростенолон, 117 куршуми со калибар 22RL и 4 патрони со калибар 16 наменети за ловечки оружја.

На 08.02.2022 околу 20.40 часот на регионалниот пат Неготино – Градско, кај с.Кукуричани, неготинско, полициски службеници од ОВР Неготино дале знак за запирање на патничко возило „форд мондео", но возилото не застанало. Во близина на Градско, возачот застанал и го напуштил возилото, а при преглед во возилото биле пронајдени осум лица – мигранти од Сомалија, од кои едно малолетно лице. Мигрантите биле сместени во Прифатниот центар „Винојуг" во Гевгелија. За настанот бил запознаен Јавен обвинител и по расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена пријава по член 418 од Кривичниот законик.

На 08.02.2022 13.50 часот во Полициската станица Центар, А.С.(64) од Скопје пријавил дека на 07.02.2022 од 15.00 часот до 15.15 часот пред бензинска пумпа на подрачјето на Центар едно лице со употреба на физичка сила му одзело мобилен телефон и пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.02.2022 во 11.30 часот во Полициската станица Центар, Н.М.(32) од Скопје пријавил дека околу 10.30 часот во и пред спортска обожавалница на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно лице, кое му одзело и оштетило електронски уред. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.02.2022 во 15.45 часот во Полициската станица Бит Пазар, Б.С.(42) од Скопје пријавила дека околу 13.00 часот, пред влез на основно училиште на подрачјето на Бит Пазар, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.02.2022 во 12.45 часот во ОВР Струга, вработен на бензинска пумпа на ул.„Пролетерски бригади" во Струга пријавил дека во 03.50 часот на бензинската пумпа две лица платиле за купени производи со банкнота од 100 евра, за која по извршена проверка во менувачница било потврдено дека е фалсификат. Банкнотата била одземена за натамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Д.К.(51) од с.Костинци, општина Долнени, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" и против Б.С.(43) од с.Сарандиново, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело помагање во врска со „фалсификување исправа". Д.К. со намера да се стекне со Одобрение за набавување на оружје на физичко лице во два наврата употребил лажни лиценци за приватно обезбедување. Б.С. му помогнал на Д.К. да се стекне со лиценца за приватно обезбедување наводно не знаејќи дека лиценцата била фалсификат.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Г.С.(53) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 29.05.2021 во Куманово, полициски службеници го затекнале пријавениот како се движи без дозвола за движење за време на забрана за движење на населението.

На 07.02.2022 во 23.15 часот во ОВР Струга, вработен во спортска обложувалница на ул.„Маркс Енгелс" пријавил дека во 22.12 часот во обложувалницата две лица му побарале да им размени банкнота од 100 евра, за која подоцна утврдил дека е фалсификат. Банкнотата била одземена за натамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.02.2022 околу 11.30 часот во СВР Скопје, 32-годишна жена од Скопје пријавила дека на ул. „Лондонска" во Скопје две машки лица физички ја нападнале и се обиделе да ѝ извршат одбљуба. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.